# АНАЛИЗА НА ПОВЕДЕНИТЕ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ
(во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-491/1
20.01. 2016 год.
СКОПЈЕ

## 1. Вовед

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како самостојно, и независно непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања, покрај другите овластувања во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, има овластувања и можност да поднесува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежните судови против:

- радиодифузерите за прекршоци предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14),

- радиодифузерите за прекршоци предвидени со Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), и

- радиодифузерите за прекршоци предвидени во Изборниот законик, сторени од страна на радиодифузерите за време на избори, односно од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

## 2. Правна рамка

Областа на прекршоците во Република Македонија, е регулирана со Законот за прекршоците (Службен весник на Република Македонија бр.124/15), со кој се уредени општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување прекршочна одговорност, изрекување и извршување на прекршочни санкции, спроведувањето забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог и мандатана постапка со издавање на мандатен платен налог, како и прекршочната постапка која се води пред месно надлежните судови во Република Македонија, иницирана врз основа на Законот за прекршоците и другите посебни закони. Имајќи го предвид помалото општествено значење на прекршоците како повреда на општествени вредности што не се заштитени со кривичното право, со Законот за прекршоците, се уредува систем на прекршочни санкции и посебни прекршочни мерки, со продолжување на практикување на глобата како главна санкција, со што се придонесува кон полиберален пристап кон прекршоците како полесни форми на казниви дела.

Овластувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да поведува прекршочни постапки е утврдено во:

- член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, според кој Агенцијата ќе поднесе барање за поведување прекшочна постапка кога радиодифузерот и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет во текот на годината,
- член 27 став 2 од Законот за медиуми, според кој Агенцијата за повреда на одредбите од овој закон, може соодветно да ги преземе мерките кои се утврдени во член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и
- член 76-в ставови 1 и 3 од Изборниот законик, според кој Агенцијата е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, и по утврдување на прекршувањето Агенцијата е должна во рок од 48 часа да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик.

## 3. Забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог

Целта на забрзаните постапки е постигнување на согласност на сторителот на прекршокот и надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка за отстранување на штетните последици на сторениот прекршок и спречување на повторно вршење на прекршоци и поради тоа избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот суд, односно прекршочен орган.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежен орган за поведување на прекршочна постапка, е должна пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, да му предложи на сторителот забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог. Надлежниот суд, од своја страна по службена должност внимава дали е спроведена забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог. За започнатата постапка за порамнување, која завршува со издавање на прекршочен платен налог, не се плаќаат трошоци на постапката. Ако сторителот ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочен платен налог, се смета дека забрзаната постапка за порамнување успеала.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година, за констатираните прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, спроведе вкупно 10 (десет) постапки за порамнување, од кои 8 (осум) постапки завршија успешно, со плаќање на глобите кои беа утврдени во издадените прекршочни платни налози, 1 (една) постапка е во тек (прекршокот е сторен на 14-ти декември 2015 година, а е констатиран со извршен надзор од страна на Агенцијата, на ден 28-ми декември 2015 година) и 1 (една) постапка заврши неуспешно.

***Графички приказ***
***на исходот од забрзаните постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, од месец јули до месец декември 2015 година***




*Слика бр.1.*
*Графички приказ на забрзаните постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, од месец јули до месец декември 2015 година*

Забрзаните постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог кои завршиле успешно, се однесуваа за сторени прекршувања на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги - не исполнување на обврската за емитување најмалку 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма, сторени од страна на комерцијални радиодифузери.

Прекршокот за забрзаната постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, која не заврши успешно, е сторена од страна на јавниот радиодифузен сервис.

Со оглед на фактот дека скоро сите поведени прекршочни постапки против комерцијални радиодифузери во периодот од месец јули до месец декември 2015 година, успешно завршија во фазата на забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, може да се оцени дека порамнувањето како постапка која претходи на поведувањето прекршочна постапка пред надлежниот суд, ја постигнала својата цел, а со тоа се придонесува кон намалување на бројот на предметите пред судовите што влијае врз нивната ефикасност.

Ефектот од постапките за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог, кои завршија успешно, се состои во тоа што радиодифузерите во утврдениот рок од 8 дена од приемот на прекршочниот платен налог, ги платиле утврдените глоби на сметка на Буџетот на Република Македонија, врз основа на прекршочниот платен налог издаден од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Подетални податоци за успешно спроведените забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, наведени се во табеларниот преглед кој се доставува кон оваа анализа како Прилог бр.1.

Податоци за забрзаната постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, која е во тек, наведени се во табеларниот преглед кој се доставува кон оваа анализа како Прилог бр.2.

## 4. Поведени прекршочни постапки, во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од месец јули до месец декември 2015 година, по неуспешно спроведена забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, за констатирано прекршување на Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, пред надлежниот суд поведе 1 (една) прекршочна постапка.

Прекршочната постапка, е поведена против против Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија, а се однесува за сторено прекршување на член 92 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги - не исполнување на обврската за емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Макдонија на македонски јазик.

***Графички приказ***
***на прекршочните постапки / забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог,***
***за констатираните прекршувања на одредбите***
***од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, од месец јули до месец декември 2015 година***




*Слика бр.2.*
*Графички приказ на прекршочните постапки / забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, за констатираните прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, од месец јули до месец декември 2015 година*

Поведената прекршочна постапка, која е поднесена против јавниот радиодифузен сервис до надлежниот суд, е во тек.

Податоците за поведената прекршочна постапка, наведени се во табеларниот преглед кој се доставува кон оваа анализа како Прилог бр.3.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од месец јули до месец декември 2015 година, против радиодифузерите за прекршувања на Законот за медиуми, нема поднесено барања за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Исто така, со оглед на фактот дека текот на 2015 година не беа одржани избори, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од месец јули до месец декември 2015 година, против радиодифузерите нема поднесено прекршочни постапки за прекршување на Изборниот законик.

## 5. Искуство од поведените прекршочни постапки

Во однос на сторените прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Законот за медиуми, се уште не може да се зборува за востановена пракса и одредено искуство во постапувањето од страна на судовите, од причина што наведените закони се во примена релативно краток временски период.

Во однос на висината и видот на казните кои се изрекуваа на радиодифузерите во спроведените прекршочни постапки пред надлежните судови, искуството покажува дека преовладува тенденцијата на изрекување глоби кои гравитираат кон законски

пропишаниот минимум со примена на одредбите кои ги уредуваат олеснителните околности предвидени во Законот за прекршоците, со кој е предвидено дека во услови кога прекршокот е сторен под особено олеснувачки околности, а со закон е пропишана минимум глоба, глобата може да се ублажи за една третина од глобата пропишана во фиксен износ, односно за една третина од минимум пропишаната глоба во распон. Исто така, забележителна е тенденцијата првостепените судови во судската постапка да изрекуваат глоби во висина на глобите од постапката за порамнување или да изрекуваат прекршочна санкција опомена.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има востановена пракса против првостепните пресуди, со кои се одлучува сторителите да се ослободат од прекршочна одговорност, или им е изречена судска опомена или глоба чиј износ е под износот кој со закон е пропишан како минимум износ на глоба, вложува жалби до повисоките судови. Праксата покажува дека во принцип, жалбената постапка завршува во полза на Агенцијата, со уважување на жалбените наводи и враќање не предметите на повторно одлучување на првостепениот суд.

Анализата ја одобри:

д-р Зоран Трајчевски, Директор

**Прилози (3):**

1. Преглед на успешно спроведени забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог/покренати прекршочни постапки кон радиодифузерите за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година.

2. Преглед на забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог/покренати прекршочни постапки кон радиодифузерите за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година, кои се во тек.

3. Преглед на поднесените барања за поведување на прекршочни постапки, по неуспешно спроведени забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година, од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, против радиодифузерите, до месно надлежните основни судови во Република Македонија.

Прилог бр.1

| Преглед на успешно спроведени забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. Број** | **Назив на радиодифузерот (ТРД/јавен радиодифузен сервис) кон кој е поведена постапката за порамнување** | **Архивски број на Записникот за констатиран прекршок** | **Опис на прекршување:** | **Постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог:** |
| 1. | Трговско радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје | 03-5089/6 од 04.09.2015 | На ден 5-ти август 2015 година, спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик. | Сторителите на прекршокот, ја платија глобата согласно издадениот прекршочен платен налог, и тоа правното лице глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност по среден курс на народна банка, а одговорното лице на програмата глоба во износ од 250 евра во денарска противредност.<br>Изготвен е Записник за успешно спроведена постапка за порамнување. |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-5354/9 од 28.09.2015 | На ден 6-ти август 2015 година, спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик. | Сторителите на прекршокот, ја платија глобата согласно издадениот прекршочен платен налог, и тоа правното лице глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност по среден курс на народна банка, а одговорното лице на програмата глоба во износ од 250 евра во денарска противредност.<br>Изготвен е Записник за успешно спроведена постапка за порамнување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-5578/1 од 23.09.2015 | На ден 24-ти март 2015 година, спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик. | Сторителите на прекршокот, ја платија глобата согласно издадениот прекршочен платен налог, и тоа правното лице глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност по среден курс на народна банка, а одговорното лице на програмата глоба во износ од 250 евра во денарска противредност.<br>Изготвен е Записник за успешно спроведена постапка за порамнување. |
| 4. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар | 03-5094/8 од 30.09.2015 | На ден 28-ми јули 2015 година, спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик. | Сторителите на прекршокот, ја платија глобата согласно издадениот прекршочен платен налог, и тоа правното лице глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност по среден курс на народна банка, а одговорното лице на програмата глоба во износ од 250 евра во денарска противредност.<br>Изготвен е Записник за успешно спроведена постапка за порамнување. |
| 5 | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје | 03-5355/10 од 02.10.2015 | На ден 6-ти август 2015 година, спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на албански и/или на македонски јазик. | Сторителите на прекршокот, ја платија глобата согласно издадениот прекршочен платен налог, и тоа правното лице глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност по среден курс на народна банка, а одговорното лице на програмата глоба во износ од 250 евра во денарска противредност.<br>Изготвен е Записник за успешно спроведена постапка за порамнување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Трговско радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје | 03-5047/9 од 17.11.2015 | На ден 30-ти јули 2015 година спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик. | Сторителите на прекршокот, ја платија глобата согласно издадениот прекршочен платен налог, и тоа правното лице глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност по среден курс на народна банка, а одговорното лице на програмата глоба во износ од 250 евра во денарска противредност.<br>Изготвен е Записник за успешно спроведена постапка за порамнување. |
| 7 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје | 03-6238/7 од 27.11.2015 | На 22-ри септември 2015 година не ја исполнил обврската од член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик. | Сторителите на прекршокот, ја платија глобата согласно издадениот прекршочен платен налог, и тоа правното лице глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност по среден курс на народна банка, а одговорното лице на програмата глоба во износ од 250 евра во денарска противредност.<br>Изготвен е Записник за успешно спроведена постапка за порамнување. |
| 8 | Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје | 03-4910/11 од 01.12.2015 | На ден 12-ти јули 2015 година, не ја исполнил обврската од член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а која се однесува за дневно емитување во 2015 година најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик. | Сторителите на прекршокот, ја платија глобата согласно издадениот прекршочен платен налог, и тоа правното лице глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност по среден курс на народна банка, а одговорното лице на програмата глоба во износ од 250 евра во денарска противредност.<br>Изготвен е Записник за успешно спроведена постапка за порамнување. |

Прилог бр.2

| Преглед на<br>забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог<br>за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,<br>во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година, кои се во тек | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. Број** | **Назив на радиодифузерот (ТРД/јавен радиодифузен сервис) кон кој е поведена постапката за порамнување** | **Архивски број на Записникот за констатиран прекршок** | **Опис на прекршување:** | **Постапка за порамнување постапка за издавање на прекршочен платен налог:** |
| **1.** | Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово | 03-7317/1 од 31.12.2015 | На 14-ти декември 2015 година радиодифузерот не ја исполнил обврската за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик | - постапката е во тек |

Прилог бр.3

| Преглед<br>на поднесени барања за поведување на прекршочни постапки,<br>за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,<br>во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред-ен број** | **Назив на радиодифузерот (ТРД / јавен радиодифузен сервис)** | **Архивски број на Барањето за поведување на прекршочна постапка** | **Опис на прекршувањето** | **Фаза на постапката (завршена или во тек)** |
| 1. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1) | Бр. 03-6565/2 од 16.11.2015 | На ден 6 август 2015 година, не ја исполниле обврската од член 92 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, односно спротивно член 92 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги биле емитувани 38.41% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма на Република Македонија. На овој начин обвинетите лица постапиле спротивно на член 92 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), со што обвинетиот радиодифузер како правно лице, сторил прекршок казнив по член 148 став 1 точка 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а обвинетото одговорно лице на програмата во правното лице, сторило прекршок казнив по член 148 став 2 од истиот Закон. | - постапка во тек |